

# Снежана Јаневска

**Година на раѓање:** 1969
**Степен на образование:** Дипл. машински инженер
**Работно искуство:** 25 години

**Релевантно искуство во областа:**
Како повеќегодишен волонтер во НаТочак - неформално здружение за урбан велосипедизам, заедно со групата ентузијасти активно работиме на иницијативата Скопје да стане град со улици на кои луѓето ќе се чувствуваат безбедно и пријатно. На Скопје му е потребен одржлив и безбеден сообраќај и за тоа е потребен заеднички системски пристап на институциите во повеќе области и нивоа. За да го поддржиме тој процес иницираме активности за соработка со институциите и изработуваме анализи и документи кои можат да помогнат во носењето на стратешките планови за побезбедно, позелено, почисто и поубаво Скопје.

Така во изминатите 9 години нашите активности кои започнаа како промоција на урбаниот велосипедизам денес покриваат теми како што се:

1. Слободни тротоари и квалитетен јавен простор; 2. Велосипедска мрежа; 3. Визија нула и Зона 30; 4. Паркинзи за велосипеди; 5. Субвенции за велосипеди и велосипедска опрема; 6. Денови без автомобили / улици за луѓе; 7. Процедури, стандарди, транспарентност, партиципативност; 8. Систем за изнајмување велосипеди; 9. Вардарска зелена магистрала; 10. Промена на сообраќајниот систем на Скопје.

Лично сум учествувала на повеќе работилници/работни средби со институциите од областа и сум била дел од тимот на координативното тело за велосипедски сообраќај во Град Скопје.

Мојата професија е дипломиран машински инженер со 25 годишно искуство во областа на енергетиката од кои последните 15 години во сфера на заштита на животна средина. Сум била дел од тимот во повеќе невладини организации и консултански фирми и сум координирала проекти за обновливи извори на енергија, енергетска ефикасност, третман и селекција на отпад, зелена економија и транспорт. Сум учествувала и во изработка на ЛЕАП-и на повеќе општини и на други документи и

правилници во институциите. Имам искуство како обучувач во областите на мојата работа и во образованието.